НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година II
број 33
28 Септември
2007 год.



## XII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

ПРИКАЗ

## Спортување, информирање и пензионерско дружење



И овој пат масовна посета

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, под покровителство на премиерот Никола Груевски, на 15 септември кај Велешкото Езеро "Младост" се одржаа 12-ти републички пензионерски спортски натпревари на кои се натпреваруваа 364 спортисти - пензионери од кои 172 во женска конкуренција и 192 во машка.

Оваа значајна манифестација на пензионерите на Македонија ја отвори градоначалникот на Велес **Аце Коцевски** при што им посака добредојде и пријатно чувствување во амбиентот на Велешкото Езеро, нагласувајќи дека се прават напори да се создадат уште подобри услови за спортување со изградба на спортски комплекс и други зафати.



Аце Коцевски

Овој значаен собир за отворен го прогласи **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ порачувајќи дека спортувањето и за пензионерите значи сочување на физичкото и психолошкото здравје и создавање во здраво тело здрав дух.

Потоа претседателот на Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ **Здравко Петковски** поздравувајќи ги учесниците на овие натпревари посака во спортски дух да победат најдобрите.

На средбата околу 12.30 часот бурно поздравен се обрати и претседателот на



Душко Шурбановски

Владата на Република Македонија **Никола Груевски**, истакнувајќи ги конкретните мерки што се преземаат за подобрување на животниот стандард како на граѓаните така и на пензионерите. Неговото обраќање ексклузивно во целост го објавуваме во овој број на "Пензионерски видици".

Успех на овие републички спортски пензионерски натпревари со телеграми изразија раководството на Сојузот на синдикатите на Македонија и менаџерскиот тим на Фондот на ПИОМ.

На спортските натпревари што се одржаа во девет дисциплини, во стрелаштво, шах, пикадо, тегнење јаже, трчање, фрлање ѓуле, скок од место, домино и табла, најдобри резултати имаа членовите на Здружението на пензионерите од Тетово кои заслужено го освоија преодниот пехар.



Здравко Петковски

Средбата беше и повод околу 800 пензионери и гости да се дружат и рекреираат.

**Д. Аргировски**



Пензионерките и пензионерите од Тетово со освоениот пехар

Обраќање на претседателот на Владата на Република Македонија м-р Никола Груевски

## Мерки за подобрување на пензионерскиот стандард

„Почитувани дами и господа,

Претставници на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија,

Драги пензионери,

Уважени гости,

Ми претставува особено задоволство што сум денеска помеѓу Вас на одржувањето на 12-тите по ред Републички пензионерски спортски натпревари. Владата го поздравува и целосно го поддржува одржувањето на ваквите настани, кои придонесуваат во одржувањето на Вашето физичко здравје, рекреација и меѓусебно дружење. Поради тоа јас сум и покровител на оваа манифестација.

Во периодот кога на 20 септември, го одбележуваме Денот на пензионерите, дозволете ми да упатам поздрав и признание до Сојузот на пензионерите на Македонија, како и до сите 44 пензионерски здруженија ширум целата држава кои Сојузот ги обединува, поради нивната грижа и ангажман за решавање на проблемите со кои пензионерите секојдневно се соочуваат.

**Почитувани дами и господа,**

Праведноста и вистинските вредности кои владеат во една држава во голема мера зависат и од нејзиниот однос кон семејството и кон постарите лица, пензионерите. Тоа се група на граѓани кои целиот свој живот работеле, создавале и го давале својот придонес кон развојот на државата и општеството. Токму затоа, државата е должна да им возврати на овие граѓани, водејќи грижа за нив и работејќи на обезбедување услови во кои ќе можат спокојно и достоинствено да ги минуваат пензионерските денови.

**Владата на Република Македонија, раководејќи се од ваквото стојалиште, веќе презеде низа на крупни и конкретни реформски чекори и мерки за економско закрепнување на граѓаните и подобрување на нивниот животен стандард. Овие мерки имаат и директно, повеќекратно влијание токму врз пензионерите.**

Ваквите мерки се спроведуваат само една година по работењето на новата Влада, откако беа превземени низа на позитивни чекори и активности во економијата, како резултат на што економското закрепнување на државата веќе вродува со плод.

**Па така, Владата ги одобри, а Собранието ги усвои, измените и дополнувањата на Законот за данок на додадена вредност, со кои ДДВ-то за јавниот транспорт на патниците се намалува од 18% на 5%. Со ваквото намалување на ДДВ-то за јавниот транспорт ќе се обезбедат поевтини услуги за граѓаните, односно намалена цена на билетите во градскиот и меѓуградскиот превоз.**

Во здравството започнавме со спроведување на најкрупните реформи во неговото поблиско и подалечно минато, чија крајна цел е создавање на ефикасно, квалитетно и достапно здравство. Пензионерите, како граѓани кои во голема мера се корисници на здравствените услуги, ќе имаат најголема корист од овие реформи.



Од сферата на здравството во оваа прилика би споменал само неколку покрупни мерки:

- **ДДВ-то за сите лекови од позитивната листа, но и од оние кои не се на позитивната листа, го намаливме од 18% на 5%. Истовремено стапката на ДДВ се намалува од 18% на 5% и за сите медицински помагала, како што се ортопедските апарати и справи за отстранување на функционални оштетувања, како и инвалидските колички за луѓе.**

**Крајниот ефект од оваа мерка ќе биде намалување на цената на лековите, која ќе ја почувствуваат сите граѓани.** На овој процес ќе има влијание и решенијата во новиот Закон за лекови, кој неодамна беше донесен во Собранието, со кој се намалува маржата при продажбата на лековите, се забрзува регистрацијата на лековите, се зголемува конкуренцијата при продажбата и се овозможува поголема достапност на современите лекови во нашата држава.



Истовремено, овие мерки ќе придонесат и за подобрување на снабденоста со поевтини лекови и медицински помагала и нивната поголема достапност, што за пензионерите е од особено значење.

- Понатаму, новата позитивна листа на лекови е проширена со нови шеесетина препарати, а достапноста на лековите за пациентите е подобрена и преку склучување на нови договори од страна на Фондот за здравство со нови 495 аптеки низ Македонија, од кои 147 се во Скопје.
- **Владата ќе инвестира 40 милиони евра во опрема за македонските болници и клиники во јавното здравство, што претставува петпати повеќе од тоа што е набавено во изминатите 17 години. Носењето на опремата ќе започне во ноември и декември.**

На овој начин ќе воведеме најсовремена светска медицинска технологија за врвна здравствена заштита на населението, со што ќе се постигне значајно подобрување не само на лекувањето и третманот, туку и на дијагностиката и превенцијата. При тоа ќе водиме сметка медицинската опрема да биде рамномерно распределена во сите делови на нашата држава.

**Конечно, тука е и мерката која е од најголемо значење за пензионерите и нивниот животен стандард. Владата донесе одлука да ги зголеми платите на сите вработени во јавниот сектор за 34%, што ќе повлече и значително зголемување на пензиите за околу 20% за период од три години. Зголемувањето на пензиите ќе започне од 1 Јануари 2008 година, кога е првото усогласување со порастот на платите.**

Имено, процентот на нето-платите што се земаше за пресметка на пензиите до сега беше понизок и изнесуваше 20%. Со предлогот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кој е во собраниска процедура, се предлага промена на формулата за усогласување на пензиите, и тоа, 50% од порастот на платите на сите вработени и 50% од порастот на трошоците на животот по полугодија. На овој начин усогласувањето на пензиите би било пореално, а корисниците на пензија би добиле и поголемо усогласување на пензиите.

Пензиите ќе се усогласуваат на секои шест месеци, односно на први јануари и на први јули 2008 и 2009 година.

Последното усогласување ќе биде направено на почетокот на 2010 година. Значи, ќе има пет усогласувања на пензиите, при што очекуваме вкупниот кумулативен пораст на пензиите, ако се следи влијанието на порастот на платите во јавниот сектор за трите години, да биде околу 20 проценти.

**Почитувани дами и господа,**

Владата започна со спроведување на крупни и конкретни мерки кои имаат директно влијание врз подобрувањето на животниот стандард на целокупното население, особено на пензионерите.

Ние продолжуваме понатаму! Продолжуваме посветено, енергично и непоколебливо да работиме на спроведување на реформите, на зајакнувањето на нашата земја и на економското закрепнување на граѓаните. Ќе продолжиме кон продуцирање на состојби и решенија што ќе значат посреќни пензионери и помалку проблеми за Вас, затоа што Вие сте гордоста на оваа држава и Вие сте оние кои ќе продолжите да ни ја пренесувате Вашата мудрост и животно искуство.

Ви посакувам добро здравје, долг живот и се надевам дека повторно ќе се среќаваме на вакви настани.

Благодарам."

XII РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

# Прогласување на победниците и доделување на медали и пехар

## Севкупен победник Здружението на пензионерите од Тетово














По завршувањето на натпреварите на 12 Републички пензионерски спортски натпревари на пригодна свеченост беа прогласени победниците во сите девет дисциплини и беа врачени медалите, а севкупен победник стана Здружението на пензионерите на Тетово, со што го освоија и преодниот пехар.

Најпрвин, претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** врачи благодарница на **Ѓорѓи Трпчески** за успешната работа како досегашен претседател на Републичката комисија за спорт и рекреација. Потоа, новиот претседател на Комисијата **Здравко Петковски** даде позитивна оценка на годинашниве натпревари,кои се одржааа во спортски дух.


Врачување Благодарница на Ѓоко Трпчески

Во **стрелаштво** жени прво место и златни медали освои екипата на Центар од Скопје, пред Пробиштип и Прилеп, а во машка конкуренција најдобри беа стрелците од Охрид, пред Кисела Вода-Скопје и Тетово.

За најдобра стрелачка беше прогласена **Марија Јаневска** од Центар, а за најдобар стрелец **Томе Јанкуловки** од Охрид.

Во **шах** жени првото место го освои екипата на Куманово, второто Штип и трето Охрид, а во машка конкуренција најдобра беше екипата на Штип, пред Тетово и Прилеп.Најдобри резултати на прва табла имаа **Наташа Цветиќ** од Карпош-Скопје и **Васко Крстев** од Штип.

Во **пикадо** и во женска и во машка конкуренција најдобри беа екипите на Здружението на пензионерите од Делчево .Второто место кај жени го освои Струмица, а третото Велес, а кај мажите Гази Баба –Скопје и Кавадарци. За најдобри пикадо мајстори беа прогласени **Невена Иванова** од Струмица и **Никола Камчев** од Кавадарци.

Тетовчани беа двојни победници во **тегнење јаже**, пред Берово и Прилеп во женска и пред Пробиштип и Кочани во машка конкуренција.

Во **фрлање ѓуле** златна медала во женска конкуренција освои **Јаблана Велиновска** од Тетово, сребрена **Елена Апостоловска** од Куманово и бронзена **Горица Костовска** од Центар-Скопје, а кај мажите првото место го освои **Бранко Почуча** од Куманово, второто **Митко Богатиновски** од Тетово и третото **Ристо Велковски** од Велес.

Во **трчање** кај жени најдобра беше **Ленче Митева** од Кратово, пред **Павлина Камчева** од Струмица и **Благица Велокоска** од Прилеп, додека кај мажи првото место го освои **Блажо Станојков** од Куманово, пред **Илија Јакимов** од Велес и **Ѓорѓи Јованов** од Радовиш.

**Во скок од место** се натпреваруваа само мажи, а златната медала ја освои **Никола Данев** од Неготино, сребрена **Томислав Паневски** од Куманово и бронзена **Богоја Марковски** од Охрид.

Во **домино** кај жените првото место го освои **Ратка Спасовска** од Пробиштип, второто **Цвета Ристевска** од Карпош-Скопје и третото **Душка Пехчева** од Центар-Скопје, а кај мажи најдобар беше **Цветко Завковски** од Прилеп, пред **Звезде Николовски** од Гостивар и **Вењан Јовановски** од Кисела Вода-Скопје.

Златна медала во **табла** освои **Миљевка Здравковска** од Пробиштип, сребрена **Тодорка Савова** од Валандово и бронзена **Станојка Атанасова** од Делчево, а во машка конкуренција првото место го освои **Петре Петров** од Кратово,пред **Илија Ристевски** од Крушево и **Васил Кировски** од Штип.

На крајот потпретседателот на СЗПМ **Андон Марковски** преодниот пехар за постигнат најдобар севкупен резултат на овие спортски игри го предаде на Здружението на пензионерите на Тетово, за што се заблагодари **Славко Лазаревски**, претседател на Извршниот одбор на пензионерите од градот под Шар Планина.


Врачување на пехар на севкупниот победник - ЗП Тетово

**Д.Аргировски**












Пехари за најдобрите

**Демир Хисар**

# Претседателот Црвенковски: Пензионерските проблеми треба да се решаваат



По повод 2 септември-Денот на ослободувањето на Демир Хисар се одржа средба на пензионерките од Југозападниот регион, на која на самиот почеток присуствуваше претседателот на Република Македонија **Бранко Црвенковски** во придружба на градоначалникот **Љупчо Најдовски**.

При тоа претседтелот Црвенковски беше срдечно поздравен од пензионерките и пен-



зионерите од Прилеп, Крушево, Охрид, Македонски Брод, Кичево, Ресен, Битола и Демир Хисар, како и од претседателот и потпретседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** и **Андон Марковски**.Средбата ја отвори претседателот на Здружението на пензионерите на Демир Хисар **Петар Бубаќовски**, при што нагласи дека ваквите средби,како програмски задачи,многу значат за дружење, релаксирање и информирање на пензионерите.

Претседателот Црвенковски истакна дека му претставу-



ва огромно задоволство средбата со претставниците на највозрасните и најпочитуваните граѓани на Република Македонија. Деновите на ослободувањето на градовите од окупаторите треба да се паметат и слават од сите генерации, бидејќи слободата е битна за секого и потенцира:

-Посебно ме радува што пензионерите во нашата земја се активни, се ангажираат за своите права, вршејќи користен притисок за зголемување на пензиите и надминување на сиромаштијата и за подобра здравствена заштита, а напоредно со тоа организатори се на спортски и културни активности и на незаборавни дружења и среќавања.Проблемите на пензионерското живеење треба да се решаваат, бидејќи Република Македонија и според уставот е социјална држава и таа треба да води сметка подеднакво за сите структури на граѓани, а посебно за оние кои целиот свој живот го вложиле во изградба на нашата земја, како што се членовите на СЗПМ. Од срце ви посакувам добро здравје, лична среќа, напредок и се најдобро-

На средбата говореше и **Натка Коруновска**, претседателка на Активот на жени пензионерки при Здружението на пензионерите на Демир Хисар, а потоа во игра и веселба неколку часа се дружеа пензионерките од овој регион.

Предходно претседателот Црвенковски, градоначалникот, делегацијата на СЗПМ, пензионери и граѓани на споменикот во Демир Хисар положија свежо цвеќе.

**Д.Аргировски**

Одбележување на 20 септември–Денот на пензионерите на Македонија

# Централната манифестација во Куманово со промоција на книгата „Пензионерска сага“ од Драги Аргировски

На денот на пензионерите на Македонија во повеќе градови во нашата земја се одржаа пригодни манифестации: свечени академии, другарски вечери, приеми, концерти, промоции, екскурзии и друго. Поводна беше и тричасовната Ноќна програма на Македонското радио на која гости во студиото беа претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски и претседателите на Ко-



Душко Шурбановски

мисиите за спорт и рекреација и за информирање при ИО на СЗПМ Здравко Петковски и Драги Аргировски, а емисијата успешно ја водеше познатиот новинар Стојан Тренчевски со директно вклучување на пензионери и слушатели.

Централната манифестација се одржа на 20 септември во Центарот за култура во Куманово со промоција на книгата„ Пензионерска сага" од Драги Аргировски, доаен на македонското новинарство и публицистика, што деновиве ја издаде „Нова Македонија".

Најпрвин, за значењето на Денот на пензионерите на Македонија, за развојот и пробле-



Посебен белег - масовна посета

мите на пензионерската организација и за други актуелности говореше **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, при што информираше и за мерките што се преземаат во нашата држава за подобрување на пензионерскиот стандард, а се заложи за збогатување на културните самодејности на пензионерите со одржување и на драмски аматерски пензионерски средби.

За развојот и постигањата на една од најактивните пензионерски организации во нашата земја- Здружението на пензионерите на Куманово, зборуваше претседателот и домакин на средбата **Трајча Јанковски**.

За значењето на најновото 16 –то публицистичко дело на Драги Аргировски, за книгата „Пензионерска сага" говореше промоторот **Чедо Георгиевски** со посебна нагласка на квалитетите на публикацијата, која ,како што нагласи, претставува хроничарски след и видување на пензионерскиот живот за време на транзицијата и тоа од автор како остар наблудувач, аналитичар, критичар, репортер и коментатор.Прифатен и позитивно доживеан од читателите, со препознатлив стил на пишување, авторот успеал да создаде несекојдневно квалитетно дело како фактографско богаство на времето со повеке слојна вредност, но и со поттикнувачки погледи, што даваат виден придонес во разјаснувањето и подобрувањето на положбата на пензионерите во нашата земја.



Промоторот Георгиевски, автгорот Аргировски, водителката Цветковска и претседалот на ЗП Куманово Јанковски




Во пригодното обраќање авторот **Драги Аргировски**, меѓу другото, истакна:

-Книгата „Пензионерска сага" дава реална слика на пензионерскиот живот во Република Македонија за време на транзицијата, а таа реалност опоменува, бидејќи поради загрижувачкиот статус на околу 270 илјади старосни, семејни, инвалидски и воени пензионери, создадена е пензионерска сага, како историска приказна и документ на времето во кое пензионерите живеат или-поточно преживуваат, поради сиромаштијата, нискиот животен стандард и недоволната грижа на општеството. Во фокусот на книгата се фактите и согледувањата на оваа актуелна тема, моите анализи и истражувања, осврти, белешки, интервјуа и коментари, поткрепени со искажувања на истакнати пензионерски достоинственици, експерти и научни творци.

Секако, овој мој најнов труд



Потпретседателот на СЗПМ Андон Марковски и други гости

ги заокружува , но и не ги затвора моите натамошни интересирања за мошне комплексната проблематика на третото доба.-

На манифестацијата ,која успешно ја водеше проф.**Љубица Кузмановска**, присуствуваа голем број почитувачи на новинарскиот и публицистички израз од Куманово, Скопје и други градови, а со пригодна програма настапи мешовитиот хор на пензионерското КУД „Гоко Симоновски" од Куманово.

**С.Ј.**



Настап на мешовитиот пензионерски хор од Куманово

Кочани

# Традиционална средба на жени-пензионерки



Во чест на 8 септември Денот на независноста на Република Македонија и 7 септември Денот на ослободувањето на Кочани во мотелот „Градче" се одржа традиционалната средба на жени-пензионерки од Здруженијата на пензионерите од Прилеп, Велес, Кичево, Тетово, Виница, Струмица, Ѓорче Петров, Македонска Каменица и Кочани.

Средбата ја отвори **Мирослава Петровска**, претседателката на Активот на жените од здружението на градот домакин, а дружењето на големиот празник го поздрави **Ѓорѓи Серафимов**, претседател на ЗП Кочани.

Градоначалникот на Кочани **Љубомир Јанев** посебно ја истакна успешната работа на Здружението на пензионерите, кое е пример за сите невладини оранизации во општината и пошироко.

Во името на СЗПМ на средбата говореше секретарот **Чедо Георгиевски** кој се заложи за успешно продолжување на традициите.

Средбата беше многу добро организирана и за сите над 300 присутни претставуваше пријатна забава и дружење.

**Д.Арг.**






## Вест

Во организација на СЗПМ вчера на 27 септември во Домот на културата „Ацо Шопов" во Штип се одржа Петата регионална ревија на песни, музика и игра, на која учествуваа пејачки групи и ансабли од Кочани, Струмица, Штип, Берово, Радовиш, Делчево, Пробиштип, Виница и други.

Од разбирливи причини за оваа културна манифестација опширен приказ ќе дадеме во наредниот број на „Пензионерски видици", што како прилог на „Нова Македонија,, ќе се објави на 26 октомври.

Интервју со Петар Милановиќ, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на Струмица

# Прекретница во делувањето

**-Здружението на пензионерите во Струмица извесно време се соочува со финансиски проблеми. Претседателе Милановиќ, накратко на што се должи тоа и дали се најдени излезни решенија, бидејќи од тоа зависи и активноста на организацијата?**

-Со изготвувањето на годишните сметки за 2006 година се утврди дека финансиските резултати покажуваат негативни тенденции, односно направени се поголеми трошоци од остварените приходи, што резултираше со искажување на загуба и тоа во ДООЕЛ „Пензионер" во износ од 517.226 денари ,а во Здружението 109.405 денари.Тоа е резултат на зголемените трошоци за договори за дело, за репрезентација, патни и дневни трошоци и други издатоци од субјективен карактер.Посебно во ДООЕЛ„Пензионер" забележан е недоволно искористен капацитет, труења на гости и слаби ефекти од угостителските услуги, што директно влијаеше и врз финансиската стабилност на здружението. Веднаш по изборите новото раководство пристапи кон порационално, економично, безбедно и ефикасно работење на органите и телата на здружението, се изврши консолидација на книговодствата како и рационализација на стручната служба со ангажирање само на три лица, обезбедена е исплата на погребнината преку банка, а ресторанот е даден под наем. Сето тоа придонесува за стабилизирање на материјално-финансиската состојба и создавање услови за остварување на програмираните активности.



**-Каква е состојбата со Солидарниот фонд;**

-Од самиот почеток на новата година за Солидарниот фонд имаме посебна сметка и средствата се користат стриктно наменски. Меѓутоа, поради поголемата смртност на пензионерите, како резултат на ниските пензии, сиромаштијата, недостиг на лекови и недоволната здравствена заштита, бевме принудени отпремнината да ја намалиме на 32.000 денари.Ја користам приликата уште еднаш да нагласам, без оглед каква одлука ќе усвои Собранието на РМ, треба да се има предвид дека се тоа средства лични на пензионерите и со нив тие самите треба да располагаат, сето друго ќе биде противуставно.

**-Какви активности се остварени и се планираат во 2007 година?**

-Подмладувањето на раководствата и новиот состав на комисиите придонесоа да се добие нов импулс во делувањето.Организиравме неколку забавни вечери со масовна посета на пензионерите, а посебен успех постигнавме на манифестацијата Дојрански ракувања.Учествувавме и на регионалните спортски натпревари, како и на 12-тите Републички пензионерски спортски игри кај Велешкото Езеро. Организиравме и екскурзии до Бигорскиот манастир, Радовиш, Валандово, Охрид и Смоларските водопади.

Во правната регулатива ќе работиме на промени на нашиот Статут, за јасно определување на ингиренциите на Собранието и на Извршниот одбор и за други обврски и права.

Нема да изостане и грижата за здравствена и социјална положба на пензионерите.Подготвена е евиденција за тоа колку пензионерки и пензионери живеат во секое населено место во Струмичка општина и каква е нивната социјална положба, што во иднина ќе помогне помошта од здружението да ја добиваат најзагрозените.

**-Значајно прашање е и работата на ограноците и клубовите на пензионерите. Како ја оценувате оваа активност?**

-Во Здружението на пензионерите во Струмица членуваат околу 8.300 пензионери, кои делуваат во 26 ограноци, од кои 8 во градот и 18 во населени места. Се чувствува потреба од нивна поголема активност за што се одржани неколку состаноци. Базата мора да биде поинформирана и пораздвижена.

Што се однесува до клубови на пензионери имаме 10, од кои во градот само еден и девет во населенеи места. Од нивната работа не сме целосно задоволни, бидејќи некои не се користат наменски, а ќе се прави анализа и за условите за нивната работа. Нивната улога е многу значајна и со локалната самоуправа настојуваме просторијата што ја отстапивме за Клуб за исхрана на стари лица, поради малиот интерес, одново да ни се додели. Донесовме и одлуки за инвестициони вложувања во Клубовите на пензионери во Босилово и Вељуса и за реновирање на Клубот Бинго во Струмица.

Разговорот го водеше
**Драги Аргировски**

Од работата на Здружението на пензионерите на Лабуништа

# Новиот пензионерски клуб - поттик за нови активности

Во струшко Лабуништа, и покрај укинување на општината, продолжи со работа Здружението на пензионерите со успешно реализирање на програмските активности. Поттик за нови активности секако ќе даде новоизградениот Пензионерски клуб.



Новиот клуб на пензионери во Лабуништа

-Идејата за изградба на пензионерскиот клуб изгледаше како неостварлива, меѓутоа со целосна поддршка на Извршниот одбор на СЗПМ и неколку пензионерски здруженија ,желбата на раководствата на сите пензионери од Лабуништа стана вистинско дело-со гордост ни изјави долгогодишниот истакнат активист **Рамиз Ќазимоски**, поранешен член на ИО и сегашен потпретседател на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ.

Изградбата на овој пензионерски клуб беше нотирана на почетокот на 2003 година во Акциониот план за четиригодишната работа на СЗПМ, со што неколку пензионери ентузијасти исцело се ангажираа за решавањето на просторното прашање, со изработка на техничката документација, избор на локација, како и на проект за изградба на објектот. Средства беа обезбедени од разни извори од донатори од Републиката ,од фирми од Лабуништа, како и 70.000 денари од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.



Нови услови за работа

Инвестиционата активност чинеше околу 25.000 евра.Објектот се наоѓа во строгиот центар на населбата со деловен простор од 70 квадратни метри, сала за состаноци од 50 квадратни метри современо опремена со инвентар, нови кабинетски простории од 20 квадратни метри и друго.Здружението располага со компјутер, телевизор, телефакс и фотокопир, што овозможува современа комуникација .



Спомени од изградбата на новиот клуб



Современа сала за состаноци

-Обезбедени се целосни услови за престој на пензионерите и за нивно дружење, информирање и договори за нови активности- истакна **Назиф Імероски**, претседател на Здружението на пензинерите во Лабуништа.

Активистите **Дилавер Шаќироски** и **Нејат Салоски** од Лабуништа и **Рамадан Бајрамоски**, **Исо Авмедоски** и **Асан Османоски** од с.Подгорци нагласија дека овој објект претставува посебен успех и главна основа за натамошниот развој на пензионерскиот живот на ова подрачје.

**Д. Аргировски**